РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5142/4
15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 98-та седница одржана на ден 11.01.2024 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-5142/1 од 31.10.2023 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости при вработување по јавен оглас, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што постапил надлежен орган при што не се потврдени наводите од пријавата.

Предметот со број 12-5142/1 од 31.10.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 31.10.2023 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости при вработување по јавен оглас и оформен е предмет број 12-5142/1 од 31.10.2023 година.

Подносителот наведува дека ја поднесува пријавата во врска со јавен оглас за вработување на помлад референт за човечки ресурси во ---------------- на Северна Македонија. Во пријавата се наведува дека од кандидатите било побарано да достават документи, а изборот е направен без соодветно рангирање, тестирање или интервју врз основа на кои би се одбрал кандидатот за склучување на договор за вработување, односно единствено е доставено известување до неизбраните кандидати без да се укаже на правото на правен лек. Согласно наводите од пријавата неизбраните кандидати се известени на 19.10.2023 година.

Заради проверка на наводите од пријавата, ДКСК побара од Државниот инспекторат за труд да изврши вонреден инспекциски надзор во однос на законитоста на посочената постапка за вработување.

Од страна на Државниот инспекторат за труд е доставено известување со прилог записник од извршен надзор на ден 20.11.2023 година. Надзорот бил извршен по пристигната претставка поднесена од ----------------------------. Во известувањето се наведува дека фактичката состојба е констатирана од презентираната потребна документација од страна на субјектот на надзор. Меѓу останатото, констатирано е дека ---------------------- на Северна Македонија АД Скопје во Централниот регистар на Република Северна Македонија е запишана како акционерско друштво во државна сопственост.

Се наведува дека на ден 02.10.2023 година Управниот одбор врз основа на членот 80 од Статутот на ----------------- на Северна Македонија АД Скопје, а имајќи го предвид зголемениот обем на работни

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

задачи и активности на службата за човечки ресурси утврдил потреба и донел одлука за вработување на еден работник на неопределено време за работното место помлад референт за човечки ресурси. Со одлуката, пополнувањето на работното место е утврдено да се изведе со објавување во службата надлежна за посредување при вработување - Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, согласно член 22 став (1) точка 2 од Законот за работните односи, од причина што ----------------- на Северна Македонија АД Скопје не е јавна установа, јавно претпријатие и друго правно лице што врши дејност на јавна служба, орган на државната управа и орган на единицата на локалната самоуправа. Констатирано е исто така дека во пријавата за потреба од работник е наведено дека работодавачот нема да врши проверка на работните способности (од таа причина со ниту еден од пријавените кандидати не е извршена проверка на способностите), а начинот на кој ќе се обезбедат работници е со огласување во Агенцијата за вработување на РСМ. По објавување на огласот примени биле 8 (осум) апликации, од кои условите во огласот ги исполнувале тројца кандидати, а во известувањето од инспекторатот е дадено детално образложение за сите кандидати поединечно. На ден 12.10.2023 година врз основа на член 80 од Статутот и врз основа на одлуката за утврдување на потреба од засновање на работен однос, Управниот одбор донел одлука за избор на кандидат за вработување. Според член 21 од Законот за работните односи - „Работодавачот има право на слободно одлучување, со кој кандидат кој ги исполнува пропишаните договорени, односно од работодавачот барани услови за вршење на работата (во натамошниот текст: услови за вршење на работата), почитувајќи ги законските забрани, ќе склучи договор за вработување)“. Во продолжение на известувањето се дава образложение за избраниот кандидат и детален опис на документацијата со која го докажал исполнувањето на предвидените услови. Воедно, констатирано е дека работодавачот постапил согласно членот 27 од Законот за работни односи со кој е уредено правото на неизбраните кандидати - „Работодавачот мора во рок од пет работни дена од денот на склучувањето на договорот за вработување писмено да го извести кандидатот кој не е избран дека не е избран и кој кандидат е избран и да му ги врати сите документи што му ги доставил како доказ за исполнување на бараните услови за вршење на работата." По однос на наводите во претставката дека во известувањето кое подносителот на претставката го добил од страна на службата за човечки ресурси не содржи правна поука за жалба, неизбраниот кандидат има право на директна судска заштита, од причина што Законот за работни односи не предвидува двостепеност на постапката за вработување како право на неизбраните кандидати. При надзорот не се утврдени неправилности поради што инспекторот на трудот согласно член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор ја запрел постапката.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај постапил надлежен орган при што не се потврдени наводите од пријавата, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**